Врз основа на член 49 став 2 и 4 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ бр.52/10, 135/11“) и член 67 од Статутот на Општина Бутел (“ Службен гласник на Општина Бутел“ бр.3/14 и 11/14) Градоначалникот и Одделението за јавни дејности на Општина Бутел, објавуваат

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр. 17 - 1349/2
26. 07. 2024 год.
СКОПЈЕ

# Јавен повик

за искажување на интерес и прибирање на барања за организирање на

**„МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ ЉУБАНЦИ - 2024 година “**

1. Распределба на средствата наменети за организација на „Меморијалниот Турнир во мал фудбал Љубанци - 2024 година“, се планирани од Буџетот на Општина Бутел за 2024 година, во програмата ЛО – Спорт и рекреација, ставка 463120 – трансфери до спортски клубови.
2. За организација на „Меморијален Турнир во мал фудбал Љубанци - 2024 година”, од точка 1 вкупно се предвидени 600.000 денари.
3. „Меморијален Турнир во мал фудбал Љубанци - 2024 година”, ќе се одржи 19 август 2024 година до 19 септември 2024 година, во село Љубанци - Бутел Скопје.
4. Здруженијата на граѓани кои пројавуваат интерес за доделување на средства за организирање на „Меморијален турнир во мал фудбал Љубанци – 2024“ година, треба да ги исполнат следните критериуми:
   - Да се регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации
   - Да извршуваат активности од областа на спортот, едукацијата и толеранцијата меѓу младите, на територија на Општина Бутел
5. Доколку ги исполнуваат критериумите од точка 4, Здруженијата на граѓани и фондации до Одделението за јавни дејности, преку архивата на Општина Бутел, треба да ги достават следните документи:
   - Барање за доделување на средства за организација на „Меморијален Турнир во мал фудбал Љубанци - 2024 година”
   - Фотокопија од решението за регистрација на здружението на граѓани и фондации
   - Предлог програма која ќе вклучува деловни активности со предвидените финансиски средства.
6. Здружението на граѓани се обврзува по завршувањето на „Меморијален Турнир во мал фудбал Љубанци - 2024 година”, за доделените средства да изготви деловен и финансиски извештај и да го достави до Одделението за јавни дејности.
7. Јавниот повик за избор трае од 26.07.2024 до 05.08.2024 година, по кој период Комисијата за избор ќе го извести избраното здружение.

Скопје,26.07.2024г.

Општина Бутел
Комисија за прибирање на барања за
„Меморијален Турнир во мал фудбал
Љубанци - 2024 година”